РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 09-591/14
25.08.2021 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Врз основа на член 17 став 2 и став 4 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РМ“ бр.10/20), член 50 став 1 точка 11 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002), член 36 став 1 алинеја 5, член 43-б став 5 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, Градоначалникот на Општина Валандово, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање на Локалното собрание на млади на Општина Валандово**

1. Со оваа Решение, **СЕ ФОРМИРА** Локално собрание на млади на Општина Валандово.

2. Врз основа на спроведената постапка со Јавен повик за конституирање на Локалното собрание на млади на Општина Валандово распишан од Иницијативниот одбор, објавен на Веб страната на Општина Валандово на ден 29.07.2021 година како и Записникот од спроведениот Јавен повик за конституирање на Локалното собрание на млади на Општина Валандово бр.09-591/13 од 10.08.2021 година, за членови на Локалното собрание на млади на Општина Валандово се назначуваат:

- Софија Гетова, делегатка, номинирана од Здружение за климатска и социјална правда „Колектив Зет“ Скопје,
- Гоги Тунгелов, заменик делегат, номиниран од Здружение за климатска и социјална правда „Колектив Зет“ Скопје,
- Драган Митев, делегат, номиниран од Здружение „Еко Правда“ Валандово,
- Бојан Николов, заменик делегат, номиниран од Здружение „Еко Правда“ Валандово,
- Марија Јосифовска, делегатка, номинирана од Социјалдемократска младина на Македонија (СДММ),
- Мартина Маркова, заменик делегатка, номинирана од Социјалдемократска младина на Македонија (СДММ),
- Марија Илиевска, делегатка, номинирана од Здружение за културен, спортски и едукативен развој „Свет на промени“ Валандово,
- Драгана Гегова, заменик делегатка, номинирана од Здружение за културен, спортски и едукативен развој „Свет на промени“ Валандово
- Драгана Занова, делегатка, номинирана од Здружение „Младински сојуз“ Крушево и
- Софија Николова, заменик делегатка, номинирана од Здружение „Младински сојуз“ Крушево.

3. Локалното собрание на млади, по принципот на транспарентност и јавност, го распишува повикот за членови на локалниот младински совет, објавувајќи го истиот на ВЕБ страната на општината.

4. Членовите на Локалното собрание на млади работат на спроведување на активностите на Собранието, учествуваат во подготовка на документи и други активности.

5. Локалното собрание на млади врши избор на членови на локалниот младински совет по пат на непосредни избори со тајно гласање во кое право на глас имаат делегатите.

6. За избрани членови на локалниот младински совет се сметаат оние кандидати кои освоиле најмногу гласови од страна на присутните делегати.

7. Решението влегува во сила од денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Општина Валандово на ден 29.07.2021 година на ВЕБ страната на општината, објави Јавен повик за конституирање на Локалното собрание на млади на Општина Валандово.

По истекот на повикот, Иницијативниот одбор за конституирање на Локалното собрание на млади на Општина Валандово, заедно со Службеникот за млади одговорен за работењето на Канцеларијата за млади на Општина Валандово, ги има разгледано сите поднесени апликации со кои се номинираат кандидати за членови на Локалното собрание на млади на Општина Валандово и има составено Записник од нивното разгледување. Притоа Иницијативниот одбор, заедно со Службеникот за млади, утврдувајќи дека сите предлози се уредни и со комплетна документација како што е барано со повикот, има дадено предлог на кандидати за членови на Локалното собрание на млади на Општина Валандово.

Имајќи го во предвид дадениот предлог, се утврди дека се создадени сите услови и со оваа Решение се формира Локалното собрание на млади на Општина Валандово и се назначуваат членови на истиот.

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Градоначалник
Перо Костадинов

Изработил: С. Димитров
Контролирал: В.Лазов
Одобрил: Б. Киров